Поп-Николов Д.[1], Карапеев Д.[1], Ристески Т.[1], Софрониески С.[1]
Еленчевски С.[2], Карапеев В.[2]

РАЦИОНАЛЕН МЕТОД ЗА ПРЕПАРАЦИЈА НА ЗАБОТ ЗА КОРОНКА

[1]ВОЕНА БОЛНИЦА - Скопје, Стоматолошко одделение; [2]СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ - Скопје, Клиника за мобилна стоматолошка протетика

Несоодветната препарација на забот за изработка на коронка придонесува таа да не може целосно да ги исполни сите функционално-профилактички барања, како и барањата за заштеда на потребното време за стругање. Оттука и голем број настојувања за воведување методи, кои ќе обезбедат поголема рационалност во работата.
Во овој труд авторите, врз основа на своето повеќегодишно клиничко искуство, детално опишуваат еден таков метод, познат како метод "фаза по фаза", со посебна нагласка на неговата постапност и рационалност. Притоа се препорачува и почитување на дадените нормативи за длабочината на стругањето на тврдите забни ткива.
Од постигнатиот успех, како и од неговата едноставна примена произлегува дека опишаниот метод може да биде од голема полза во нашата секојдневна практика. Ова дотолку повеќе, ако тој се изведува постапно, не само поради временската заштеда, туку и поради зачувување на пулпата и постигање на саканиот функционален, односно естетски ефект. Изнесените фази на работа треба да се сфатат само како основна шема, посебно на почетокот од примената на методот "фаза по фаза".

Клучни зборови: коронки и мостови; стоматолошка протетика; дентални високовртежни техники; дентална високовртежна опрема

Правилната препарација на забот треба да овозможи цементираната коронка да постигне висок функционален ефект во сите три т.н. зони (3). Тоа, всушност, значи дека коронката треба да оствари егзактно рабно затворање, правилен апроксимален допир и оформување соодветен интердентален простор, а оклузално да се оформи таков релјеф, кој ќе обезбеди правилна интеркуспидација и цвакање. Покрај тоа, формата на забното трупче треба да осигура соодветна ретенција и стабилност на идната коронка (7). За да се добие таква препарација, неопходна е одредена систематична постапност при стругањето на забот, што ќе овозможи ефикасна и рационална клиничка работа.

Целта на овој труд е да се опише еден таков метод на работа, познат во литературата како препарација "фаза по фаза" (3), кој повеќе години го користиме во нашата клиничка практика без да навлегуваме во статистичкиот приказ и анализата на постигнатите резултати.

Материјал и метод

Како материјал за работа ни послужија сите наши пациенти со индикации за изработка на вештачка коронка, било како соло или во мост. Кај сите нив се примени методот "фаза по фаза". Од дидактични причини методот ќе биде прикажан во шест последователни фази.

Прва фаза. Стругањето на забот започнува со одреден облик и големина (сл. 1), и правење бразди - метод веќе познат како "дозирана" препарација (5). Длабочината на стругањето на камчето е ограничена. Првичните бразди се продолжуваат и на површините на забот под екваторот, но многу внимателно, заради постојната можност да се загрози интегритетот на пулпата.

Втора фаза. Со цилиндрично дијамантско камче (сл. 2) се струга тврдата забна супстанција сè до дното на првичните бразд-



Слика 1. Дијамантско камче по Kühl со ограничена длабочина на стругање (прва фаза)

ди. Притоа се настојува да се отстранат сите подминирани површини на букалната, лингвалната и апроксималната страна, ако за тоа постојат услови. Доколку, пак, се присутни соседните заби, тогаш во *третата фаза* се струга апроксималниот контакт со цилиндрично камче кое, поради големиот број вртежи, мора да има сообразена должина и пресек, така што е нешто пократко.

Инаку, во втората фаза стругањето на сите површини се изведува до гингивалниот раб, следејќи го циркуларно околу забот.

Четврта фаза. Во оваа фаза препарацијата на забот продолжува со оформување на нејзината граница/премин кон неструганиот дел од забот. За таа цел се користат цилиндрични дијамантски камчиња со зашилен врв, во вид на молив (сл. 3). На тој начин се постигнува стругање само за половина од вкупниот пресек на камчето. Во однос на местоположбата, границата/преминот на препарацијата може да се лоцира супра, екви или субгингивално. Но, во секој случај, таа граница подоцна треба да биде јасно видлива и на работното трупче. Што се однесува до нејзиниот облик, таа е обично во вид на закосена стапалка или пак има тангентен завршеток.

Битно е овде да се каже и тоа дека овие камчиња се обложени со многу пофини дијамантски зрнца, за да не го оштетат нежниот сулкусен епител. Поради тоа не се препорачува нивна употреба со грубо стругање на емајловата супстанција.

Петта фаза. Оваа фаза е карактеристична по тоа што, сега, се пристапува кон стругање на оклузалните фисури со помош на тркалезни камчиња, бидејќи тоа не ни успеало целосно при изведувањето на втората фаза. Всушност, сега се работи за продлабочување на самите фисури. Истовремено се "отвора" и централната фисура, со цел да се постигне оклузиски правилна цвакална површина.



Слика 2. Цилиндрично дијамантско камче (втора фаза)



Слика 3. Дијамантско камче со зашилен врв (четврта фаза)

Шеста фаза. Во оваа, последна, фаза од препарацијата на забот се врши мазнење, но без полирање на сите стругани површини, со помош на дијамантски финирери, чиј облик е цилиндричен или кеглест.

За препарација на палатиналната површина на горните фронтални заби, поради нивната поизразена конкавност, се користат конвексни дијамантски камчиња со пригодна форма.

Дискусија

Овој шематски приказ на препарацијата на забот за коронка треба да се сфати само како глобална ориентација во работата, од што треба да произлезат одредени специфичности во однос на одделни заби. Ова дотолку повеќе, ако се знае дека со помош на рендгенската снимка може да се добие сознание за можностите на препарацијата само во инцизалната и апроксималната регија, но не и за волуменозноста на пулпата во оровестибуларна насока (1,2). Оттука произлегуваат одредени тешкотии при препарацијата на букалната површина, било поради опасноста од загрозување или оштетување на пулпата, било пак поради нарушување на естетиката. Овој проблем Kühl (1) го решава со конструкција на дијамантски камчиња со различна димензија, додека пак една наша студија (6) покажа дека е можно, во клинички услови на работа, да се пресмета дебелината на букалниот ѕид кај овие заби.

Денес во литературата се објавени повеќе табели за дозволената длабочина на стругање кај одделни заби. Така, на пример, Marxkors (3) ја дава табела 1.

ТАБЕЛА 1. МАКСИМАЛНО ДОЗВОЛЕНА ДЛАБОЧИНА НА СТРУГАЊЕ КАЈ ОДДЕЛНИ ЗАБИ, ИЗРАЗЕНО ВО МИЛИМЕТРИ

	Централни инцизиви	Латерални инцизиви	Канини	Премолари	Молари
Горна вилица	1,0-1,3	1,0	1,3	1,3	1,3
Долна вилица	0,8-1,0	0,8-1,0	1,3	1,3	1,3

Методот "фаза по фаза" претставува големо олеснување на работата при подготвувањето на забот за коронка, а истовремено значително придонесува за заштеда на времето. Поради тоа, може да се каже дека овој метод ја рационализира вкупната наша работа при препарација на забот за коронка. Но, притоа треба да се потсети на еден момент - за кој овој труд не пружа гаранција - а тоа е степенот на закосеноста на забното трупче. Поради тоа, паралелно со примената на методот "фаза по фаза" треба да се настојува забното трупче да добие правилна ретенциска форма преку соодветна закосеност (инклинација) на сите негови страни.

И, на крајот, со примената на овој метод, нашиот приод кон подготовката на забот за коронка во голема мерка ќе ја изгуби евентуално присутната стихијност во работата. Со тоа нашата работа добива поголема осмисленост, што значително ќе придонесе за многу поодговорен и порационален однос во заштитата на тврдите и меките забни ткива. Оттука доаѓаат и нашите надежи дека јатрогените загрозувања на пулпата ќе бидат значително намалени со примената на методот "фаза по фаза".

Summary

A RATIONALE METHOD FOR PREPARATION OF THE TOOTH FOR CROWNING

Pop-Nikolov D., Karapeev D., Risteski T., Sofronieski S., Elenčevski S., Karapeev V.

Miscoordination in tooth preparation for crowning leads to functional-prophylactic defects, and therefore, more time for grinding is required. From the stand point of these requirements there are abunding attempts that are to provide more rationality during work.

In this paper, the authors, out of their long years' experience in dentistry, describe a method for rationale preparation of the tooth for crowning, known as „step by step„ method, which means a gradual preparation of the tooth. The authors suggest a due respect to depth of grinding according to accepted limits.

Successful realization and its simplicity favour this method for usage in everyday practice not only as a saving time method, but for its convenience in pulp protection and possibilities to satisfy functional reguirements and esthetics. Proposed procedure phases should be considered only as a principal framework, especially on the biginning of the method „step by step„.

Key words: crowns and bridges; prosthodontics; dental high speed techniques; dental high speed instruments

Литература

1. KÜHL W. Die Frontzahnkrone: Rationelles Präparieren. Dtsch Zahnärztl Z 1967; 22(9): 1137-42.
2. le HUCHE R. Füllungen, Inlays-Onlays und Kronen als Funktion der Form des Zahnes. Berlin, Die Quintessenz, 1971: 13-5.
3. MARXKORS R. Präparation step by step. ZWR 1989; 98(1): 14-7.
4. POP-NIKOLOV D, KARAPEEV D, LOTSKI I. Savremeni aspekti izrade metalnih čahurastih krunica. Stomatol Gl Srb 1983; 30(3): 163-7.
5. POP-NIKOLOV D. Osnovne smernice „planske„ preparacije zuba pri izradi kruna. 6. Kongres stomatologa Jugoslavije (Zbornik radova). Budva: Udruženje stomatologa Jugoslaavije. 1976: 277-9.
6. ПОП-НИКОЛОВ Д. Изучување на оптималните можности за изработка на "армирани" керамички џекет коронки кај горните предни заби (дисертација). Скопје, Југославија: Стоматолошки факултет, 1982: 108-10.
7. SCHILLINBURG H, HOBO S, FISHER D. Atlas der Kronenpräparation. Berlin, Die Quintessenz, 1974: 15-6.